**20261782774**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 72 став (3) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 144/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21 и 3/25), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА И КОДЕКСОТ НА ШИФРИ КОИ СЕ УПОТРЕБУВААТ ПРИ ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и Кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 105/19, 158/19, 279/19, 243/20, 5/21, 237/21, 201/23, 94/24 и 205/25), во Прилогот 2 – Кодекс на шифри за пополнување на ЕЦД, Поглавје II – Шифри, во рубриката 37 - ПОСТАПКА, б) Шифри за втора подрубрика, Ослободување од плаќање на увозни давачки, на крајот од табелата по зборовите „Увозот на добра/стоки извршен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање или од избраниот изведувач од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање наменети за Регионалниот проект за цврст отпад Член 7 ставови 2 и 5 од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Регионалниот проект за цврст отпад C75“ се додаваат зборовите:

„Увозот на добра/стоки извршен од страна на Министерството за транспорт, наменети за реализација на Проектот за поврзување на локалните патишта член 6 став 2 од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта C76“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 23-6903/4
31 јули 2026 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.